Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-152/4
16.08.2022 год
ВЕЛЕС

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на РСМ“бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21) и согласно член 26 став 8, став 9, став 10, став 11, став 13, член 27 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ бр.24/2021 и 174/21), член 3 став 1, алинеја 9 од Деловникот за работа на Советот за развој на Вардарски плански регион, а во врска со член 5 и член 6 од Одлуките за основање на Центарот за развој на Вардарски плански регион, Записник од одржан состанок на Комисијата за проверка на благовременоста и комплетноста на поднесените документи од пријавените кандидати по Јавниот оглас за избор на Директор на Центарот за развој на Вардарски плански регион - 1 извршител на определено време (за период од 4 години) бр. 04-147/1 од 21.07.2022 год., објавен на ден 21.07.2022 година, арх. бр.04-147/5 година од 03.08.2022 година, Записник од спроведено интервју со кандидати за вработување на Директор на Центарот за развој на Вардарски плански регион на определено време од 4 (четири) години арх.бр. 04-147/7 од 16.08.2022 година, Советот за развој на Вардарски плански регион на VII-тата Седница одржана на ден 16.08.2022 година во општина Кавадарци, по Огласот за избор на Директор на Центарот за развој на Вардарски плански регион - 1 извршител на определено време (за период од 4 години) бр. 04-147/1 од 21.07.2022 год., објавен на ден 21.07.2022 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
## За избор на Директор на Центарот за развој на Вардарски плански регион

### Член 1

Од пријавените кандидати по Огласот за избор на Директор на Центар за развој на Вардарски регион - 1 извршител на определено време (за период од 4 години) бр. 04-147/1 од 21.07.2022 год., објавен на ден 21.07.2022 година, за извршител на работите е избран кандидатот Сашо Мошев од Кавадарци.

### Член 2

Изборот помеѓу пријавените кандидати е извршен во согласност со: условите предвидени во член 6 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Вардарски плански регион и во објавениот оглас бр.04-147/1 од 21.07.2022 год., приложената документација со пријавата на кандидатот од која е утврено дека во целост ги исполнува бараните услови и резултатите од спроведената постапка за вработување.

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

**Член 3**

Мандатот на Директорот на Центарот за развој на Вардарски плански регион е 4 (четири) години со право на повторен избор (член 26 став 10 од Закон за рамномерен регионален развој).

**Член 4**

За извршениот избор да се извести неизбраниот кандидат во рок од 5 (пет) работни дена од денот на склучување на Договорот за вработување, согласно член 27 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21).

**Член 5**

За спроведување на оваа Одлука е задолжен Претседателот на Советот за развој на Вардарски плански регион.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното донесување.

Образложение:

На ден 21.07.2022 година, Советот за развој на Вардарски плански регион објави Оглас за избор на Директор на Центарот за развој на Вардарски плански регион - 1 извршител на определено време (за период од 4 години), во три дневни весника од кои два од весниците што се издаваат на македонски јазик (Слободен печат и Нова Македонија) и еден весник што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик (КОХА).

По огласот беа поднесени документи од двајца кандидати.

Со Решение за формирање на комисија за верификација на документацијата и спроведување на интервју со кандидатите по распишан Јавен оглас за избор на Директор на Центарот за развој на Вардарски плански регион бр.04-147/4 од 01.08.2022 година формирана е Комисија за проверка на благовременоста и комплетноста на поднесените документи од пријавените кандидати, која за својата работа изготви Записник од одржаниот состанок бр.04-147/5 од 03.08.2022 година, во кој се содржи и листа на кандидати за избор кои ги исполнуваат условите по објавениот оглас, во оваа листа е еден кандидат: Сашо Мошев. На ден 16.08.2022 година е спроведено интервју со кандидатот за што Комисијата изготви Записник од спроведено интервју со кандидатот за избор на Директор на Центарот

за развој на Вардарски плански регион на определено време од 4 (четири) години дел. бр. 04-147/7 од 16.08.2022 година во кој што е извршена Листа на кандидати за избор на Директор кои ги исполнуваат сите барани услови од работодавачот за вршење на работата, од кои е утврдено дека кандидатот Сашо Мошев е прворангиран, единствен, кандидат кој во целост ги исполнува бараните услови од работодавачот за вршење на работата и дека ги има потребните знаења и вештини за вршење на работата.

Согласно горенаведеното и член 26 став 9 (Директорот на Центарот за развој на планскиот регион го избира Советот за развој на планскиот регион, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членови) од Законот за рамномерен регионален развој и член 21 од Законот за работни односи каде стои: „Работодавачот има право на слободно одлучување, со кој кандидат кој ги исполнува пропишаните договорени, односно од работодавачот барани услови за вршење на работата, почитувајќи ги законските забрани, ќе склучи договор за вработување" поради сето погоренаведено се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:**

Незадоволната страна има право на тужба во рок од 30 дена до Управен суд сметано од денот на приемот на Одлука за избор на Директор на Центар за развој на Вардарски плански регион.

**Доставено до:**

- **Именуваниот;**
- **До останатиот кандидат;**
- **Архивата на Центарот за развој на Вардарски плански регион**

Совет за развој на Вардарски плански регион
Претседател
Марко Колев